Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-4617/1
12-05-2025 год.

Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18), Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе

# ОДЛУКА

## за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ за **ДУП Градска Четврт Ј18, блок 13, Општина Кисела Вода, Скопје** кој се носи согласно Законот за урбанистичко планирање не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Кисела Вода.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ за ДУП Градска Четврт Ј18, блок 13, Општина Кисела Вода, Скопје нема да има влијание врз животната средина од следните причини: Предметниот опфат се наоѓа во рамките на блок 13 од Градска Четврт Ј18, дефинирана со Генералниот урбанистички план на Град Скопје 2012-2022.

   Просторот во рамките на опфатот со ГУП на градот Скопје е наменет како простор за јавни институции, комерцијални и деловни намени, зеленило, рекреација, сообраќајни линиски и други инфраструктури. Планот претставува основа за понатамошно планирање на просторот. Таквите

намени во целост се почитуваат во предметниот ДУП. Намената на површината е предвидена со ГУП на Град Скопје со важечката регулатива.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Општина Кисела Вода и Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
Бр. 08-4617/2
12-05-2025 20 __ год.

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Детален урбанистички план за Реон Ј, Четврт Ј18, блок 13-Општина Кисела Вода, Скопје |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг Тајфа - План Скопје |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Кисела Вода |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Друштво за планирање, проектирање и инженеринг Тајфа - План Скопје |
| Назив на работното место | Планер-Наташа Влчевска Савиќ д.и.а |
| Контакт податоци за лицето | 02/3211 109, ул.,,Васил Главинов,, 3-2/8, 1000 Скопје |

<table>
<tr><th colspan="4">Основни податоци за планскиот документ</th></tr>
<tr><td colspan="4">Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Закон за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24), законска обврска</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да ☒<br>Не ☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?</td></tr>
<tr><td colspan="4">/</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)</td></tr>
<tr><td>Да ☐<br>Не ☒</td><td>Член: /</td><td>Точка: /</td><td>Алинеја: /</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Урбанистичко уредување на просторот</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Не</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Урбанистичко уредување на просторот</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планирање на просторот.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Периодот за донесување на планскиот документ.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Планскиот период 2023- 2028 година</td></tr>
<tr><td colspan="4">Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Во рамките на предвидениот плански документ</td></tr>
<tr><td colspan="4">Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Реон Ј, Градска Четврт Ј18 блок 13-Општина Кисела Вода</td></tr>
<tr><td colspan="4">Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ.</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да ☒<br>Не ☐</td></tr>
<tr><td colspan="4">Дали е приложена копија од целите?</td></tr>
<tr><td colspan="4">Да ☐<br>Не ☒</td></tr>
</table>

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Со реализација на планскиот документ предвидената површина за градење и нивната реализација зависат од урбанистичките параметри кои се составен дел на планската документација.Планската документација ги содржи сите потребни мерки од сите аспекти, воедно оваа планска документација нема посебно влијание врз животната средина на околината. Просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со ГУП на Град Скопје и е основа за понатамошно планирање на просторот. Вакивте намени во целост се почитуваат во предметниот дуп. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Во предметниот дуп се планирани намени кои не предизвикува загадување на воздухот, водата и почвата. Движењето на моторните возила е со веќе утврдена фрекфенција и присутност на издувни гасови. Објектите нема да имаат влијание врз животната средина. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Предвидената површина во планскиот опфат не влијае негативно на микроклимата во локалитетот. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема ризици по животот и здравјето на луѓето и животната средина |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Големината на урбаниот опфат изнесува 3,91 ха.<br>Планскиот опфат по осовина на сообраќајници е дефиниран со следните граници<br>-север: -оската на ул.,,С'' - ул.Ратко Митровиќ<br>-исток: оската на ул.,,С4'' - ул.Димитрија Чуповски<br>-југ: оската на ул,,С6'' - ул.Димитрија Чуповски<br>-запад : оската на ул,С7''- ул.Ужичка Република |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Овој плански документ позитивно ќе влијае на економските и социјалните аспекти на ова подрачје. | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Ќе се зголеми вредноста на урбаниот локалитет. | |

| | |
|---|---|
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | не |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат надминувања на стандардните вредности ниту намалување на квалитетот на животната средина. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Градежното земјиште со различни класи на намени |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Нема. |

| |
|---|
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамките на планскиот опфат се планираат објекти кои се во согласност со просторниот план на Република Македонија. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Новопланираните намени и нивното функционирање нема да има негативно влијание врз околината и животната средина. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Нема влијание врз квалитетот на животната средина и притоа нема да се создаваат еколошки проблеми на Општината. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика, или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Ново планираните намени на парцелите ќе овозможат економски развој во тој локалитет, а со тоа се овозможува иден и квалитетен развој на Општината. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од прилог 2 на правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена  и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на |

| | |
|---|---|
| стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ за дуп Реон Ј, Градска Четврт Ј18 блок13, Општина Кисела Вода, нема да влијае врз животната средина од следните причини-имајќи ги предвид сите просторни, технички и функционални карактеристики како и фактот дека просторот во рамките на планскиот опфат е дефиниран со гуп на Град Скопје и е основа за понатамошно планирање на просторот. Ваквите намени во целост се почитуваат во предметниот дуп. Мотивите за изработка на дуп на овој предметен плански опфат се предвидување на нови површини за градба, реконструкција и урбанизација, редефинирање намените, градежните и нумеричкиот дел , усогласување на примарната сообраќајна мрежа согласно ГУП на Град Скопје. | |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешна фаза на донесување на документацијата. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Вака планираните класи на намени ќе имаат позитивен ефект за Општината во нејзиниот развој, а нивната функција не ја нарушува животната средина. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>Орце Ѓорѓиевски |
| Датум 12.05.2025<br>Место Општина Кисела Вода, Скопје | М.П. |